29857

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 16 јануари 1983 год. ● стр. 9

12924,

# ТРАДИЦИОНАЛНА АНКЕТА НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“

**Коле Манев, сликар**

## РОМАНОТ „ГРАНИЦА“ ОД ЧАПОВСКИ



Во минатата година издавачката продукција кај нас беше, како ретко кога, богата: излегоа повеќе добри книги. Меѓу оние наслови што треба да се издвојат е и романот „Граница“ од Иван Чаповски. Зошто токму овој роман? Може поради темата. Во него се содржани елементи што досега во нашата литература ретко се среќава ле во ваква форма: проблемот на границата, како мрачен симбол на еден народ од Егејска Македонија, преку која, или не сме ело да се минува, или се минувало без да се сфати дека постои. Всушност, се работи за една „граница“ што постои и живее во луѓето.

**Јонче Јосифовски, професор**

## „ИЛИЈАДАТА“

Настан од исклучително значење во минатата година е несомнено појавувањето на Хомеровата „Илијада“ во сјајниот превод на македонски што го изведе професорот д-р Михаил Петрушевски. Она што не успеа Прличев, на професор д-р М. Петрушевски му појде од рака така како што можеше само да се посака. Во време на тотална негрижа не само за јазикот, туку и за каквигоде културни вредности и пред се оние духовните, кога запуштеноста и вулгарниот грубо-прагматистички и неразумно „непосредно произведен“ пристап кон образованието, ја покажува сега својата наопачност и бесмисленост и тогаш кога се повикува на какви ли не „принципи“ и авторитети, враќањето кон магистралното старогрчко поетско дело, можеби, ќе придонесе да се свестиме, да го согледаме вистинското значење на класичната култура и класичните јазици, пред сè грчкиот, но и латинскиот, за образованието и воспитувањето, што заслужуваат да се наречат навистина такви.

Стр. 10,

**Драган Попоски — Дада, скулптор**

## ИЗЛОЖБАТА НА СТУДИОТО ЗА ПЛАСТИКА ВО ДРВО ОД ПРИЛЕП

Првиот настан за кој се определувам е изложбата на Интернационалното студио за пластика во дрво од Прилеп, одржана во Музејот на современата уметност. Преку оваа изложба, покрај белградската и скопската публика се запозна со делата што бројни домашни и странски уметници ги создаваа во ова Студио во текот на 11-те години откако е формирано во Прилеп. Иако се разликуваат по својата содржина, стил и правец на кој му припаѓаат, и материјал во кој се изработени, експонатите од оваа



колекција останаа во сеќавање по својот квалитет, а поставката по својата непосредност во аранжерски поглед.

Текстот „Лет во место“ од Горан Стефановски за мене значеше потврда на сфаќањето дека драмската литература кај нас оди по еден нов пат. Убава е таа неизвесност во која овој автор не држи пред секое ново дело.



Во културниот живот н
Македонија од посебна в
жност е излегувањето о
печат на „Илијадата“ о
Хомер во препев на акад
микот Михаил Петрушев
ски. Со појавата на ова к

**Кузман Георгиевски, музејски работник**

## „МАКЕДОНИЈА ОД ПРАИСТОРИЈАТА ДО ДОАЃАЊЕТО НА СЛОВЕНИТЕ“

Без дилема: постојанат
поставка „Македонија о
праисторијата до доаѓање
то на Словените“ во Музе
те на Македонија. Овој а
хеолошки материјал досе
га малку излаган, сега в
гигантска изложба го пок
жува сето богатство и е св
доштво за цивилизациит
што постоеле на наше тл
Од исто значење беше и ј
билејното одбележувањ
на автокефалноста на М
кедонската православна ц
ква. Имено, по 15 годин
постоење МПЦ, покажа д
ка и не признаена како а
токефална црква на маке